**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-3/24**
**20.02.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упаството за споведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено по електронски пат на 16.02.2024 година, од Здружение Хелсиншки Комитет за човекови права Скопје, Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 20.02.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Здружение Хелсиншки Комитет за човекови права Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 16.02.2024 година, поднесе Здружение Хелсиншки Комитет за човекови права Скопје, со кое побара:

1. Колку пресуди за општокорисна работа се изречени во 2023 година?
2. Колку пресуди за условна осуда се изречени во 2023 година?
3. Колку пресуди за условна осуда со заштитен надзор се изречени во 2023 година?
4. Колку пресуди за судска опомена се изречени во 2023 година?
5. Колку пресуди за куќен затвор се изречени во 2023 година?
6. Колку пресуди со изречени алтернативни мерки се облажени во 2023 година?

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција односно во АКМИС - системот и утврди дека во Основен суд Куманово;

По однос на точка 1 од барањето во 2023 година нема изречени пресуди со општокорисна работа.
По однос на точка 2 од барањето во 2023 година има изречено 313 пресуди со условна осуда.
По однос на точка 3 од барањето во 2023 година има изречено 2 пресуди со условна осуда со заштитен надзор.
По однос на точка 4 од барањето во 2023 година има изречено 2 пресуди со судска опомена.
По однос на точка 5 од барањето во 2023 година нема изречени пресуди со куќен затвор.
По однос на точка 5 од барањето во 2023 година пресуди со изречени алтернативни мерки се обжалени 57 пресуди.

Основен суд Куманово, СПИ -3/24 од 20.02.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана Максимовска